Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24), член 109 став (2) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 10 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 26 септември 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за отфрлање на приговор

1. Приговорот на Ајрули Шемшат с. Дреновец, Тетово УП2 бр. 09-303/24 од 24 јуни 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-687 од 11 јули 2024 година СЕ ОТФРЛА ПОРАДИ НЕДОПУШТЕНОСТ.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Ајрули Шемшат с. Дреновец, Тетово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-303/24 од 24 јуни 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-687 од 11 јули 2024 година на КЕЦ Ѓорче петров, за побарана поделба на мерно место.

Според Електродистрибуција – Ајрули Шемшат има поднесено барање за нов приклучок за уште 2 броила во објект (зграда) за која што има веќе 17 броила за кои е издадена Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа. Двете дополнителни броила се за стан 18 и стан 19 по доставената еднополна шема, кои не постојат во имотниот лист. Воедно, не е доставно одобрение за градба или легализација за 5 и 6 спрат.

Истиот предмет е веќе разгледуван на седница на Регулаторна комисија за енергетика и донесена е Одлука за одбивање на Приговорот.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 6 август 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-303/24 од 24 јуни 2024 година со прилог:

-Барање за одвојување на инсталации
-Приговараното Решение
-Имотен лист
-Решение за одбивање на приговор УП2 09-192/23 од 07.09.2023 година
-Приговор
-Еднополна шема
-Одобрение за градење

-Слика од објектот

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е недопуштен.

Видно од документацијата е дека Приговорот е поднесен против истото Решение на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-687 од 11 јули 2024 година за кое веќе еднаш е водена постапка пред Регулаторната комисија за енергетика и е донесено соодветно Решение УП2 09-192/23 од 07.09.2023 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–303/24**
**26 септември 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**